MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 1768/4
06.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 12-та седница одржана на 3 мај 2019 година донесе

# Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-1768/1 од 07.03.2019 година.

Сомневањата дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со спроведувањето на постапката за вработување на две лица-правници во текот на изборниот процес на претседателските избори 2019 година ги прекршила одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се потврдени.

Предметот со број 12-1768/1 од 07.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Постапувајќи согласно со членот 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК по сопствена иницијатива отвори предмет со број 12-1768/1 од 07.03.2019 година во врска со сознанија за сомневање за реализирани вработувања на две лица- правници во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на изборниот процес на претседателските избори 2019 година, што претставува прекршување на забраните утврдени во Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заради проверка на сознанијата и утврдување на фактичката состојба ДКСК достави Барање за податоци и информации до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со предметните вработувања. Во добиениот одговор е наведено дека согласно Изборниот законик Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување од денот на распишување на изборите се до денот на завршување на изборите односно до 06.05.2019 година. За таа цел, Владата на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 07.02.2019 година донела одлука за одобрување на финансиски средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги заради исполнување на нејзините законски обврски за време на изборниот процес (член 76-г став 2 од Изборниот законик). За целосно спроведување на својата законска надлежност, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

медиумски услуги со агенција за привремени вработувања, која е избрана по спроведена постапка за јавна набавка, а претходно планирана во годишниот план за јавни набавки, склучила договор за отстапување на определено време со две лица, надворешни соработници, на определено времетраење на нивниот работен ангажман, односно се до завршување на изборите. Средствата за ангажманот на овие соработници се посебни средства кои согласно член 76-г од Изборниот законик се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, со Одлука на Владата на РСМ и не претставуваат дел од средствата коишто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги остварува за своето работење.

Од горенаведеното произлегува дека реализираните вработувања на двете лица-правници на определено време преку агенција за привремени вработувања во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на претседателските избори 2019 се заради извршување на законските обврски на Агенцијата во текот на изборeниот процес и истите не претставуваат прекршување на забраните утврдени во Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи се работи за случај на итни и неодложни работи, за кои претходно се одобрени финансиски средства со Одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk